РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ
СКОПЈЕ

| Примено: 31.08.2021г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 459 | | |


Gmail

**Fw:**

1 message

Mon, Aug 30, 2021 at 12:34 PM

---

**From:** Elka Todorova
**Sent:** Monday, August 30, 2021 9:46 AM
**To:** JU Zavod za socijalni dejnosti – Skopje
**Subject:**

Почитувани,

За потребите за изготвување на извештајот за човекови права за 2021 година, Амбасадата на САД побара одговор на следните прашања:

Колкав е процентот на рани бракови, и на кои возрасни групи припажаат децата/малолетниците кои стапиле во ран брак?

Дали раните и присилни бракови, како и присилните привремени бракови, биле концентрирани во специфични региони или во одредени етнички групи.

Ве молам за одговор на прашањата согласно вашиата база на податоци.

Влада на Република Северна Македонија

# ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ - СКОПЈЕ

**Архивски број:** 08-459
**Датум:** 03.09.2021

Почитувани,

Во врска со Вашето барање кое се однесува на склучени рани бракови и возраста на која децата/ малолетниците стапуваат во брак, како и за тоа во кои региони и етнички групи се концентрирани раните или присилни бракови, врз основа на податоците добиени од центрите за социјална работа, Ве известуваме за следново:

На територијата на Р.С. Македонија согласно податоците од Центрите за социјална работа рани бракови/малолетници кои стапуваат во брак на годишно ниво изнесува 2-3 брака на ниво на општина.

Во поглед на тоа кај кои етнички групи има поголема концентрација на малолетнички бракови се забележува дека бројот на склучени малолетнички бракови е поголем кај ромската популација, се појавува и кај другите етникуми, но нешто поретко и тоа претежно во руралните средини.

Најчеста возраст на склучување на ваквите бракови е од 16 – 17 години возраст и според информациите добиени од центрите за социјална работа станува збор за доброволни бракови. Центрите за социјална работа спроведуваат стручна , советодавна и советувалишна работа, при што лицата кои сакаат да стапат во брак пред полнолетство посетуваат советувалиште за брак и семејство со цел доставување на потребна документација до надлежниот суд.
Одредени малолетнички бракови се склучувани и врз основа на согласност дадена од родител и за нив центрите за социјална работа не располагаат со податоци.

Табеларен приказ на застапеноста на малолетничку бракови Табела 1


Јавна Установа Завод за социјални дејности - Скопје
Ул. „11 Октомври„ 42а, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3230 401
E-mail: juzsd-sk@mtsp.gov.mk
www.zsd.gov.mk

Табела 1

| Националност | Број на склучени бракови | Возраст |
|---|---|---|
| Ромска | 18 | 16-17 години |
| Албанска | 6 | 16-17 години |
| Бошњачка | 1 | 16-17 години |
| Македонска | 4 | 16-17 години |
| Турска | 3 | 16-17 години |
| **ВКУПНО** | 32 | |

Изготвил:
Марта Марковска – советник
Одобрил:
м-р Емилија Размоска -раководител

**Директор**
Стојан Станиславски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ СКОПЈЕ


Јавна Установа Завод за социјални дејности - Скопје
Ул. „11 Октомври„ 42а, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3230 401
E-mail: juzsd-sk@mtsp.gov.mk
www.zsd.gov.mk